# Водич за проектниот циклус на ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ МОБИЛНОСТИ 2012

## ЗА ШТО СЛУЖИ ВОДИЧОТ?

Овој водич ќе ви помогне за: Селекција, Подготовка, Мониторинг, Евалуација и Дисеминација при имплементирање на проектите Леонардо да Винчи Мобилност (ИВТ - Почетна стручна обука, ПЛМ - Луѓе на пазарот на трудот и ВЕТПРО - Професионалци во стручно образование и обука).

## Програма Леонардо да Винчи

**Леонардо да Винчи** програмата овозможува соработка во полето на стручното образование и обука. Основни цели на Леонардо да Винчи се првенствено овозможување на организациите кои се поврзани со стручно образование и обука да работат со европски партнери, да вршат размена на најдобрите практики, да ја зголемат стручноста на нивниот персонал, ученици, вработени итн. Затоа и ги поддржува напорите да се направи стручното образование попривлечно за младите луѓе.

## Леонардо да Винчи Мобилност

Леонардо Мобилноста е фокусирана на растот на квалитетот и значењето на Стручното образование и обука -VET (Vocation Education and Training)[1] низ Европа. Ова е одлична можност за организациите вклучени во ВЕТ да изградат Европски партнерства, да ја зголемат стручноста на своите вработени и да развијат вештини кај учениците.
Постапката за Мобилност има цел да ја подобри способноста на работната сила во Македонија преку низа проектни активности. Вие можете да пратите **практиканти** или **луѓе на пазарот на трудот** во друга европска земја на работна позиција, со што ќе им се овозможи да добијат вистинско искуство и способности при вработувањето. **ВЕТ професионалците** исто така, можат да земат учество во привремени сместувања со цел да учат од нивните колеги во други европски земји, за потоа во својата земја да можат да ги пренесат новостекнатите искуства. Проектите за Мобилност можат да бидат мали, средни или од големи размери.

Во акцијата Мобилност може да се аплицира за некоја од трите таргет групи која мислите дека ќе ви одговара:

- Луѓе во почетна стручна обука (Initial vocational training **IVT**)
- Луѓе на пазарот на трудот (People in the Labour market **PLM**)
- Професионалци во стручното образование и обука ( Professionals in the vocational education and training, **VET PRO**)

[1] VET- стручно образование и обука, понатаму во текстот ВЕТ.

## Проектниот циклус на МОБИЛНОСТА




**Селекција:-** Како потенцијалните учесници ќе бидат информирани за можностите за учеството во Леонардо да Винчи проект? Треба да се изготваат критериуми за избор што ќе се користат за да се донесе одлука кој ќе учествува во проектот. Ако учесникот е претходно селектиран, треба да се опишат селекционите критериуми кои се користени.

Секоја организација испраќач е одговорна за селекција на учесниците.

Селекцијата треба да биде фер и да ги почитува еднаквите можности за сите апликанти. Важно е да се одлучи кои критериуми ќе бидат употребувани за време на фазата на селекција, при што ќе бидат избрани индивидуите кои имаат најмногу корист. На пример, може да побарате од нив да напишат мотивационо писмо искажувајќи ги нивните интереси и покажувајќи ги заложбите за програмата. Исто така, може да одлучите да се спроведе и процес на интервју.

Во оваа фаза важно е да се осигурате дека стажирањето во странство се поклопува со обуката на учесникот и неговите потреби за професионален развој. Вие и Вашиот партнер треба да работите заедно за да ги совпаднете селектираните учесници со стажирањето. За времето на мобилноста во странство, учесниците треба да ги развијат своите постоечки стручни вештини заедно со придобивањето на нови знаења или вештини кои не би можеле да ги добијат во својата земја.

<u>Прашања за размислување:</u>

- Кои ќе бидат Вашите учесници?
- Кои се екстра придобивките од заминувањето во Европа, кои вештини и техники може да ги развијат учесниците, како и кои искуства не може да ги стекнат во Република Македонија?
- Како ќе им дадете до знаење на учесниците за проектот, и како тие ќе аплицираат?
- Која процедура ќе биде воспоставена за селектирање на учесниците и кои критериуми ќе ги употребите?
- Дали имате назначено определени фактори кои може да исклучат одредени луѓе од учество?

**Подготовка:-** Како потенцијалните учесници ќе бидат подготвени за нивниот престој во странство? Во главно подготовката треба да биде пред заминувањето на учесниците. Ако јазичниот курс биде продолжен за време на стажирањата потребно е валиден доказ која мора да биде предвиден. Генерално гледано стажирањето се смета за висококвалитетно ако сите работни посети во странство се во вистинска работна средина.

Ќе треба да се опише културната и јазичната подготовка која учесниците ќе ја добијат за да се обезбеди сигурност дека тие ќе бидат подготвени да живеат и работат во различна животна средина.

<u>Прашања за размислување:</u>

- Каква културолошка и јазична подготовка ќе им понудите на Вашите учесници?
- Како ќе се осигурете за однесувањето на Вашите учесници во странство?
- Какви јазични компетенции ќе се очекуваат од Вашите учесници додека се на стажирање и како вие ќе се осигурете дека тие ќе ги постигнат истите?
- Кои работни места се распространети во Вашата партнер земја и какви културни разлики треба да се надминат пред да заминат Вашите учесници во странство?

**Мониторинг:-** Како учесниците ќе бидат набљудувани додека трае нивното стажирање во однос на таргет групата во која работат?
Пред да започне стажирањето, организациите испраќачи и организациите кај кои се одвива стажирањето треба јасно да ги дефинираат нивните улоги и одговорности за проектот
Неопходно е да имаат договор за партнерство, така што сите инволвирани договорни страни имаат јасна дефиниција што се бара од нив.

<u>На пример,</u> партнерите треба да се договорат за:

- Ангажманите за обезбедување здрава средина и безбедност на учесниците.
- Кој ќе го аранжира патувањето и сместувањето во странство.
- Како ќе се уверат за вештините и способностите постигнати за време на стажирањето; итн.

Покрај тоа, партнерите треба да се договорат за деталите на работната програма. За проекти во ВЕТПРО добра идеја е да се вклучат учесници во креирањето на работната програма. Инволвираните договорни страни треба да постават јасни цели и да одлучат како тие ќе бидат исполнети. Одговорност на организацијата испраќач е да управува со мотивацијата на учесниците и очекувањата од стажирањето во странство. Од особено значење е да се комуницира ефективно со учесниците пред нивното стажирање со цел тие да бидат запознаени за тоа што се очекува од нив и за тоа што може тие да постигнат превземајќи го стажирањето. Ова ќе помогне да се редуцира појавата на поединци кои ќе се повлечат од проектот.
Доколку планирате да испратите млади луѓе на почетна стручна обука во странство, ќе треба внимателно да испланирате кои методи ќе се користат за мониторинг на нивното стажирање. <u>На пример</u>, добра идеја е за времетраењето на првата недела од сместувањето со нив да се испратат придружни лица со што би се назначил ментор од организацијата домаќин кој ќе обезбедува дополнителна помош и поддршка.

**Евалуација на проектот:-** Треба да се постави јасен евалуционен план кој треба да ги вклучува следните аспекти:

- Изведбата на партнерите
- Преземените активности од страна на учесниците за време на проектот
- Дали учесниците се задоволни од обуката и работната програма
- Очекуваниот резултат од проектот за учесниците и вашата организација

Исто така, треба да се евалуира севкупниот менаџмент на процесот.
Треба да се обезбедат информации како учесниците и вашите Европски партнери ќе бидат вклучени во евалуционите активности.

Повеќе детали за Евалуација на проект можете да најдете во, **<u>Водичот за Евалуација на Леонардо да Винчи проекти.</u>**

**Дисеминација на резултатите:-** Како очекуваните резултати од проектот ќе бидат поделени од страна на вашата организација, од страна на учесниците и партнерските организации, низ локалните заедници и пошироката таргет група на доживотното учење.
За ВЕТПРО проекти треба да бидете сигурни дека секој индивидуалец е способен да пренесе информации низ формалните и неформалните мрежи и дека дисеминацијата се случила низ сите партнерски организации.

Повеќе детали за дисеминација на резултати можете да најдете во, **Водичот за Дисеминација на Леонардо да Винчи проекти.**

## Временска линија на проектот

Следната временска линија, ќе Ви помогне да ја испланирате Вашата активност превземена од поднесувањето на апликацијата се до завршувањето на проектот.

| | |
|---|---|
| **Подготвителни посети** | **Јуни – Декември 2010** |
| **Рок за апликација** | **Февруари 2012** |
| **Период на разгледување на апликации** | **Февруари – Мај 2012** |
| **Конечна одлука** | **Мај 2012** |
| **Период на склучување договор НА-Апликант** | **1 Јуни 2012 – 31 Мај 2014** |
| **Период на реализација на проектот** | **01 Јуни 2012 – 31 Мај 2014** |
| **Финален извештај** | **31 Јули 2014 (два месеци после завршување на проектот)** |

Стажирањето може да започне било кога после проектниот почетен датум (**1 јуни 2012**). Сите активности треба да се комплетират најдоцна до **31 мај 2012.**